**Општи услови - ГЕБРУДЕР ВАЈС ДООЕЛ**

Верзијата на Општите услови на работење на Македонската асоцијација на меѓународни Шпедитери и Логистички оператори (МИФА), надополнета со нашите Општи услови на тргување , достапни на http://www.gw-world.mk/impresum/, ќе се применуваат доколку не постои конфликт само по себе со законските одредби или меѓународните конвенции (на пример, CMR, Конвенцијата од Монтреал, Варшавската конвенција, CIM, Хашките правила, итн).

Нема да се прифаќаат општи услови кои ги користи клиентот, па затоа нема да се смета дека истите се договорени; дури и во случај таквите услови да не се во спротивност со нашите општи услови. Вербалните колатерални договори не се валидни.

Ограничувањата на одговорноста според применливите транспортни прописи (како што се CIM, CMR, Хашките правила, итн.) се применуваат дури и документите кои ги следат стоките или се издадени од нас и цитираат вредност на стоката или осигурувањето повисока од ограничувањето на одговорноста регулирана во погоре споменатите прописи. Овие ограничувања можат да бидат надминати само со писмен договор помеѓу клиентот и нас, доставен пред стоките да бидат предадени за транспорт; записи во товарниот лист или друга писмена или усна информација за вредноста на стоките или изразувањето на интерес од страна на клиентот или трето лице не го зголемува ограничувањето на одговорноста и затоа не претставува изјава за вредноста или интересот.

Имаме право да номинираме домашна или странска партнерска компанија за извршување на налозите доставени кај нас. Не сносиме одговорност за евентуални штети, загуби или доцнење на стоката, во случаи кога пратката е под надзор или контрола од странска партнерска компанија која е избрана за да манипулира со пратката.

Доколку дејствуваме како шпедитер, нашата одговорност за евентуална штета или загуба на стоките ќе биде ограничена на 8,33 СДР/кг бруто тежина и за доцнења и други видови на загуба 1800 СДР за секој инцидент. Вредноста на ограничувањето на одговорноста ќе биде повремено разгледувана од наша страна.

Сите воздушни пратки се предмет на безбедносни проверки, освен ако клиентот не е “познат испраќач“. Клиентот се согласува дека стоките кои се предадени за испорака рачно да се прегледуваат и за таа цел може да се отвори амбалажата/пакувањето. Нашата одговорност е ограничена на намерна или груба небрежност, за што клиентот треба да обезбеди доказ. Како и да е, тоа не подразбира обврска од наша стана за извршување на таква сигурносна проверка.

Имаме право да издадеме документи за испорака, особено товарен лист, авионски товарен лист; во тој случај, секогаш дејствуваме во име на и на ризик на клиентот или испраќачот.

Нашите обврски кои произлегуваат од оваа договорна врска во секое време ќе подлежат на придржување и сообразување со државните и меѓународните законски одредби и/или задолжителните услови (особено во согласност со европските и САД ембарго мерките). Во случај на конфликт помеѓу договорните одредби и законските одредби и/или задолжителните услови, законските одредби и/или задолжителните услови ќе преовладаат, дури и во случаи на двојби. Без да се загрозат нашите права според овие услови, одговорноста во согласност со странските законодавства за трговија (забрани и ограничувања во однос на увоз, извоз или транзит) е кај клиентот. Ние нема да сносиме одговорност за проверка дали таквите законодавства се усогласени , туку одговорноста да ни укаже за било какви забрани или ограничувања во однос на стоките кои треба да се испорачаат е на клиентот, кој треба да не информира навремено по писмен пат и кој треба да не заштити од било какви тужби во врска со тоа. Клиентот нема да ни ги предаде стоките нам за транспорт и/или складирање доколку тоа може да доведе до повреда на државни или меѓународни законски одредби и/или законски услови. Клиентот исто така има обврска нам да ни ја гарантира безбедноста на синџирот на набавки.

Клиентот ќе биде одговорен за утовар и растовар, освен ако не е поинаку договорено. Складирањето до 7 дена е вклучено во нашите цени. Транспортот на стоки кои не се во палети мора да биде договорен по писмен пат.

Посебна нарачка е потребна за превоз на опасни стоки според ADR/RID/IMCO/DGR и истата треба да биде прифатена од наша страна. Опасните стоки треба да бидат спакувани и означени на начин кој е во согласност со законските одредби и меѓународните конвенции за превоз, манипулација и складирање и да бидат пропратени со неопходниот комплет документи.

Опасни стоки, особено стоките од ADR класите 1 и 7 не смеат да ни се предаваат на транспопрт.

Следниве стоки ќе бидат особено неприфатливи за транспорт и/или складирање: скапоцени метали, (во монети, или кои не се во монети, или обработени на друг начин), накит, скапоцени камења, банкноти, било кој вид на хартии до вредност, документи или тапии, лекови кои се превезуваат во контролирани температури, оружје и муниција, жива стока како и супстанции чие складирање е предмет на посебни одредби (на пример, супстанции штетни за водата). Транспортот на стоки кои се превезуваат во контролирана температура мора да биде предмет на претходен писмен договор.

Враќањето на амбалажата како и враќањето/замената на палети, палетни сандаци итн. ќе биде прифаќано само доколку истото е договорено по писмен пат.

Во случај на обезбедување на камионски или контејнерски транспорт, лежарината ќе се фактурира по час или дел од истата за надминување на два часа, како во случај на товарање, така и при истоварање.

Сите наши понуди ќе бидат необврзувачки и ќе бидат предмет на потврда. Освен тоа, го задржуваме правото да ги менуваме цените за воздушен и морски транспорт на стоките, без претходно известување.

Фактурите ќе достасуваат во рок од 14 дена, без никакви одбитоци.

Имаме обезбедено осигурување од одговорност на шпедитерот на товар, кое ја покрива нашата одговорност кон Клиентот во износ од 500.000 евра по инцидент. На Ваше писмено барање, ќе обезбедиме осигурување на имотот, како што е осигурување на транспортот и осигурување на стоките кои се на залиха од случаи на пожар и штети предизвикани од кражби или невреме. Препорачуваме Вие да имате осигурување за стоките кои имаат вредност над 10 евра по кг. за чувствителни стоки (на пример, кршливи или стоки склони на кражби) како и за преку-граничен транспорт. Евентуално,осигурително покритие не мора да се обезбеди доколку пречка за пратката се санкции на Обединетите Нации и/или Европската Унија и/или друг и релевантни државни економски или правни одредби. Ниедно од овие видови на осигурување ниту пак налогот за повисоко осигурување преставуваат изјава за вредноста и истото не води до зголемени ограничувања на одговорноста според важечките транспортни прописи.

Оваа понуда треба да се третира како доверлива и не смее да се обелоденува на трети лица.

Ќе се применуваат законите на Република Македонија, а како место на јурисдикција се одредува локацијата на ГЕБРУДЕР ВАЈС ДООЕЛ.